**Известување за концентрација која се однесува на стекнувањето од страна на Генерали Осигураље д.д. , Хрватска над бизнисот на неживотно осигурување на Извор Осигурањед.д , Хрватска**

**(предмет бр. 08-83/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 06.11.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето

на бизнисот на неживотно осигурување, особено на договори и договори за осигурување, средства, интелектуална сопственост, преземени обврски и вработени кој претставува посебна деловна единица на Извор Осигурањед.д. (Izvor Osiguranje d.d.), хрватско друштво за неживотно осигурување, со адреса на Трпињска 9, Загреб од страна на Генерали Осигураље д.д. (Generali Osiguranje d.d.)., хрватско друштво за осигурување, со адреса на Улица Града Вуковара 284, Загреб,  кое е дел од Генерали Групацијата, а согласно со член 12 став 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**Генерали д.д.** е хрватско друштво за животно и неживотно осигурување, кое едел од и во целосна сопственост на зависни друштва на Групацијата Генерали. Генерали Групацијата е група на компании кои се активни во обезбедувањето на животно и неживотно осигурување и финансиски услуги. Генерали Групацијата е присутна во повеќеод 60 земји ширум светот, со повеќе од 400 зависни друштва. На врвот наГенералиГрупацијата е Асигурациони Генерали – Социета пер Ациони (Assicurazioni Generali – Societa per Azioni)со регистрирана адреса на плоштадот Дука Дељи Абруци (Ducadegli Abruzzi)бр. 2, Трст.

Во Северна Македонија, Генерали Групацијата има регистрирано корпоративно присуство преку своето зависно друштво ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со регистрирана адреса на бул. Партизански одреди 14а/1-2, Скопје, активно во секторот за управување со инвестициски фондови

**Извор Осигурување д.д.** е хрватско друштво з анеживотно осигурување. Извор Осигурувањед.д. нема приход генериран од македонските корисници и нема регитрирано корпоративно присуство во СевернаМакедонија.

Подносителот смета дека предметната концентрација се  однесува на хрватскиот национален пазар на осигурување (со можност за негова понатамошна сегментација во животно и неживотно осигурување).

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на*

*заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

08.11.2019 година
Скопје